## Позначајни економски настани и промени во законодавната регулатива во јули 2003 година

- *Од 01 јули **цената на електричната енергија** за домаќинствата се пресметува по цени, кои се повисоки за 7%. Имено, со измените во Законот за ДДВ (од 01.04.2003 година), електричната енергија се оданочува со општа (наместо со дотогашната повластена) стапка на ДДВ. Од социјални причини, во периодот од април до јуни 2003 година, Електростопанство на Македонија ја презеде на свој товар разликата од повластената до општата стапка на ДДВ. Од јули, на потрошената електрична енергија на домаќинствата во целост ќе се пресметува новата општа стапка на ДДВ (18%.)*

- *На 03 јули 2003 година НБРМ издаде дозвола за основање и работа на **Про Бизнис банка АД Скопје**, во согласност со Законот за банки за микрофинансирање (Службен весник на РМ бр. 61/2002). Поголем дел од акционерскиот капитал на банката (69%) е во сопственост на меѓународни финансиски организации (EBRD и IFC), а останатиот дел од капиталот му припаѓа на германско акционерско друштво (International Micro Investitionen-Frankfurt).*

- *Од 15 јули, со одлука на Владата, е утврдена **повисока малопродажна цена на мазутот**, согласно зголемените цени на овој дериват на светскиот пазар (Службен весник на РМ бр. 47/2003). Исто така, од 29 јули беа **зголемени цените и на останатите нафтени деривати** (Службен весник на РМ бр. 50/2003).*

- *Кон крајот на јули беа донесени следните измени на позначајни законски прописи (Службен весник на РМ бр. 51 од 31.07.2003 година):*
  *- Закон за изменување на **Законот за трговски друштва**;*
  *- Закон за изменување и дополнување на **Законот за девизно работење.** Согласно измените, банките ќе можат да одобруваат девизни кредити во земјата, наменети за плаќање на увоз, за финасирање инвестициски работи во странство или за надмирување на други тековни обврски спрема странство. Покрај банките, измените предвидуваат и Фондот за осигурување на депозити, осигурителните друштва, пензиските и инвестициони фондови да можат да купуваат хартии од вредност во странство;*
  *- Закон за изменување и дополнување на **Законот за НБРМ** ;*
  *- Закон за изменување и дополнување на **Законот за банки**. Позначајна новина: за секое купување на повеќе од 5% од акциите на некоја банка потребна е согласност од НБРМ (досега согласност се бараше при купување на над 10% од акциите);*
  *- Закон за изменување и дополнување на **Законот за данокот на добивка**. Согласно измените, сите инвестиции во движен и недвижен имот до 100.000 евра во тековната година се ослободуваат од плаќање на данок на добивка, а за инвестициите над 100.000 евра даночната основица се намалува за 30%. За остварување на овие права, даночниот обврзник е должен да не го отуѓи имотот за период од 3 години од денот на инвестирањето. Измените имаат ретроактивна примена од 01.01.2003 година.*

- *Во јули беа донесени неколку **програми и одлуки** (Службен весник на РМ бр. 46/2003 од 08.07.2003 година) :*
  *- Програма за поттикнување на развојот на земјоделството во 2003 година (во програмата се специфицирани намените, критериумите и условите според кои ќе се користат средствата за поттикнување на развојот на земјоделеството во 2003 година обезбедени од Буџетот на РМ);*
  *- Програма за поддршка на претприемништвото и привлекување на странски директни инвестиции;*
  *- Одлука за издавање, печатење и пуштање во оптек на банкноти во апоени од 500 и 1000 денари со изменети белези (со важност од 15.07.2003);*
  *- Одлука за измена на износот на мало меѓубанкарско плаќање (наместо досегашните 3 милиони денари, сега како мало плаќање се смета износ од 1 милион денари - важи од 15.07.2003).*
- *Во периодот од 23.07. до 18.08.2003 година во Република Македонија присуствуваше мисијата на ММФ, при што беше направено прво официјално разгледување на реализацијата на Stand-by аранжманот и беа утврдени позитивни резултати.*